**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр. 21-335/3**
**од 10.03.2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и 84/20) и („Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 50 и член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) како и донесената Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 година бр. 08-64/8 од 18.01.2024 година и Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година на општина Крушево, бр. 08-1077/12 од 29.11.2024, донесени од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета за предлог УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр.1556, КП бр.474/1, КП бр.490 (КО Пуста Река) – Општина Крушево и нова БСТС 10(20)/0,4 kV; 160 kVa на дел од КП бр.490**

Се организира јавна презентација и јавна анкета за предлог Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр.1556, КП бр.474/1, КП бр.490 (КО Пуста Река) – Општина Крушево и нова БСТС 10(20)/0,4 kV; 160 kVa на дел од КП бр.490.

Границата на плански опфат претставува затворена линија со прекршни точки. Должина на трасата изнесува 198m и истата претставува линија со прекршни точки. Планскиот опфат има површина од околу 200.1$m^2$ или 0.02ha.

Јавната анкета се организира со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот, а ќе трае 30 денови, почнувајќи од 13.03.2025 година до 11.04.2025 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на ден 28.03.2025 година, во 11:00 часот, во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23.

Предлог Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план Нов 10(20) kV кабелски вод низ КП бр.1556, КП бр.474/1, КП бр.490 (КО Пуста Река) – Општина Крушево и нова БСТС 10(20)/0,4 kV; 160 kVa на дел од КП бр.490, во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетни листови ќе можат да ги достават своите забелешки, мислења и предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**м-р Томе Христоски**